Оператор на електропреносен систем на Република Северна Македонија, Акционерско Друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост Скопје (скратено АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје), со седиште на ул.„Максим Горки" бр.4 во Скопје и ЕМБС 5933781, претставувано од Генералниот директор Сашо Василевски (од една страна) и СОТУ „Ѓорѓи Наумов" - Битола, претставувано од Владимир Роме (од друга страна), го потпишаа следниот

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

## ЦЕЛИ

### Член 1

Целта на овој меморандум е да создаде рамка за продлабочување на соработката помеѓу АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје и СОТУ „Ѓорѓи Наумов" - Битола во остварување, унапредување и промоција на соработката во областите од заеднички интерес.

Овој Меморандум ќе претставува основа на која ќе се темели понатамошната соработка помеѓу СОТУ „Ѓорѓи Наумов" - Битола и АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје. Сите подоцнежни договори помеѓу СОТУ „Ѓорѓи Наумов" - Битола и АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје ќе бидат склучени врз основа и во согласност на овој Меморандум и ќе бидат засновани на основните принципи на овој Меморандум.

## ПОЛЕ НА СОРАБОТКА

### Член 2

Меѓусебната соработка на потписниците ќе се реализира во различни домени од делокругот на нивната работа, со посебен акцент на следните полиња на соработка:

1. **Донации.**

АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје во рамките на своите можности, ќе го помага СОТУ „Ѓорѓи Наумов" - Битола во смисла на обезбедување на донации за настани организирани од страна на СОТУ „Ѓорѓи Наумов" - Битола за подобрување на техничко-технолошката опременост на училиштето како и за задоволување на останатите потреби на СОТУ „Ѓорѓи Наумов" - Битола и учениците, откако по претходно спроведена постапка за донација во согласност со одредбите од Законот за донации и спонзорства во јавниот сектор, Министерството за правда на РС Македонија ќе донесе Решение со кое ќе се потврди јавниот интерес за конкретната донација.

2. **Овозможување, во рамки на можностите, на учениците од СОТУ „Ѓорѓи Наумов" - Битола соодветни услови за изработка на семинарски, како и проектни задачи.**

Селекцијата на учениците кои ќе изработуваат семинарски работи или ќе учествуваат во активностите поврзани со работа на заеднички проекти, ќе ја вршат СОТУ „Ѓорѓи Наумов" - Битола и АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје заедно. Селекцијата и изборот ќе се врши на следниов начин: **1.** Учениците треба да поднесат писмено Барање до АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје пропратено со Одобрение од страна на СОТУ „Ѓорѓи Наумов" - Битола во кое се бара од Компанијата да овозможи изработка на семинарска на ученикот во своите простории. **2.** АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје ќе одлучи по поднесеното барање, за што писмено ќе се извести барателот. Пред почетокот со работа на ученикот ќе му бидат објаснети сите внатрешни процедури кои е

должен да ги почитува додека ги користи просториите и опремата на АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје. За времетраење на работата АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје на ученикот ќе му овозможи соодветна стручна помош и консултации.

Учениците за целото времетраење на изработката на семинарските ќе ја користат опремата на АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје без надомест.

Учеството во реализација и работа на заеднички проекти ќе биде регулирано со посебен Договор за Соработка склучен помеѓу СОТУ „Ѓорѓи Наумов“ - Битола и АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје.

3. **Компанијата во рамките на своите можности ќе организира обуки, практична работа за учениците и стажирање.**

Обуките, практичната работа и стажирањето ќе се спроведуваат во согласност со постапките, процедурите, дефинираните цели, потребите и можностите на СОТУ „Ѓорѓи Наумов“ - Битола и АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје.

Селекцијатата и изборот на учениците кои ќе ги посетуваат обуките, практичната настава, или ќе стажираат во АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје ќе ја вршат заедно СОТУ „Ѓорѓи Наумов“ - Битола и АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје во согласност со успехот на ученикот, покажаниот интерес за усовршување и посебните критериуми. Селекцијата ќе се врши на следниов начин: прво АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје ќе достави до СОТУ „Ѓорѓи Наумов“ - Битола барање за број на ученици, потоа ќе следи составување на листа на ученици кои ќе бидат предложени од страна на училиштето за обука, стажирање или за практична настава. Во втората фаза АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје, согласно нејзините потреби, а по потреба, и по извршено тестирање ќе изврши избор на учениците. Пред почетокот со работа, на ученикот ќе му бидат објаснети сите внатрешни процедури кои е должен да ги почитува додека ги користи просториите и опремата на АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје.

За успешно завршената обука, стажирање или реализирана практична настава учениците ќе добијат потврди или сертификати од страна на АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје.

Пред почетокот со работа, на ученикот ќе му бидат објаснети сите внатрешни процедури кои е должен да ги почитува додека ги користи просториите и опремата на АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје.

Обуките, стажирањето и практичната настава, АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје ќе ги организира без надомест.

За времетраење на обуките, стажирањето и практичната настава учениците нема да добиваат надомест од АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје.

**4. СОТУ „Ѓорѓи Наумов“ – Битола ќе ги промовира и поттикнува формите на соработка и активностите кои за учениците ги нуди и организира АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје**

СОТУ „Ѓорѓи Наумов“ - Битола ќе ги огласува на огласна табла, или web страницата сите комуникации кои му се доставени од страна на АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје, а кои се однесуваат на можноста за учество на учениците на обуките, стажирањето и практичната настава организирана од страна на АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје.

СОТУ „Ѓорѓи Наумов“ - Битола ќе овозможи на видно место да се истакнат огласите и рекламните материјали за потребата од ангажирање на работници за потребите на АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје.

СОТУ „Ѓорѓи Наумов“ – Битола на погоден начин ќе ги запознае учениците за сите форми и можности на соработка кои се воспоставени помеѓу него и АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје и ќе овозможи периодични презентации на овие можности од страна на АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје директно на учениците.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 3**

Овој Меморандум влегува во сила со денот на потпишувањето.

Овој Меморандум се склучува како резултат на согласност на двете страни потписнички така што важењето на истиот нема временско ограничување туку истиот ќе биде во сила се додека двете страни опстојуваат на потребата од негово постоење.

Секоја страна потписничка на овој Меморандум има право со писмено известување доставено до другата страна потписничка да побараат раскинување на овој меморандум, со што истиот автоматски престанува да важи со денот на приемот на таквото известување.

За конкретна реализација на одредбите од Меморандумот по потреба се изработуваат дополнителни договори и други правни акти.

Меморандумот е потпишан од страна на претставниците на СОТУ „Ѓорѓи Наумов“ - Битола од една страна и АД МЕПСО во државна сопственост, од друга страна.

Меморандумот е изготвен во 4 (четири) еднакви примероци, од кои по 2 (два) примерока за секој потписник.

**за СОТУ „Ѓорѓи Наумов“ - Битола**

в.д. Директор
Владимир Роме

**за АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје**

Генерален Директор
Сашо Василевски